**Огласи**

## КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД СКОПЈЕ

Комерцијална банка АД Скопје, банкарска институција регистрирана во Република Северна Македонија со службена адреса на ул. „Васил Иљоски“ бр.3, 1000 Скопје, со ЕМБС 4065573, како овластено правно лице за работење со хартии од вредност и преземач, во согласност со член 16 и член 20 од Законот за преземање на акционерски друштва („Службен весник на РСМ“ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015, 23/2016, 248/2018 и 31/2020), (во понатамошниот текст „Банката“ или „Преземачот“), ја дава следнава

## ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

На сите акции издадени од Стопанска банка АД Битола со седиште на ул. „Добривое Радосављевиќ“ бр.21, Битола, Р Северна Македонија, регистрирана во Централниот регистар на Република Северна Македонија со даночен број MK4002995103351 и ЕМБС 5026377.

1. Понудата за преземање се однесува на:

- Вид и род: Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.

- Број на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање: Понудата за преземање се однесува на сите 390.977 обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола со ИСИН број: MKSBTB101013.

2. Понудата за преземање се однесува на сите акционери кои поседуваат акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.

Преземачот се обврзува да ја купи секоја обична акција со право на глас издадена од Стопанска банка АД Битола во согласност со пропишаните и објавените услови.

3. Преземачот се обврзува да ги откупи сите 390.977 обични акции со право на глас по цена од 3.200,00 денари по акција.

Утврдената цена по која ќе се откупуваат акциите кои се предмет на понудата за преземање е за 16,78% повисока од просечната цена на тргување на акциите издадени од Стопанска банка АД Битола на Македонската берза на хартии од вредност во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање. Просечната цена на тргување на акциите во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање изнесува 2.740,21 денар.

На имателите на хартии од вредност нема да им се наплатуваат трошоци за прифаќање на понудата за преземање, односно сите трошоци во врска со понудата за преземање ги сноси Преземачот.

4. Преземачот на сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност уплати сопствени средства во вкупен износ од 1.251.126.400,00 денари, согласно член 34 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Плаќањето на акционерите кои ја прифатиле понудата за преземање се врши со исплата на парични средства од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност во рокот предвиден во член 50 од Законот за преземање на акционерски друштва, односно во рок од 8 (осум) дена по приемот на Решението од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање.

5. Рокот на прифаќање на понудата за преземање започнува од денот на првото објавување на понудата за преземање, и ќе заврши 28 календарски дена по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 26.8.2024 година и завршува на 22.9.2024 година.

6. Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 1.

Најмала количина на обични акции со право на глас, на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна, е 261.956 обични акции со право на глас, што претставува 67% плус 1 акција од вкупниот број обични акции со право на глас издадени од Стопанска банка АД Битола.

7. Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерски друштва.

Скопје, 23.8.2024 година

Управен одбор на Комерцијална банка АД Скопје

Главен директор за корпоративно банкарство
Билјана Максимовска Поповиќ, с.р.

Главен оперативен директор
Илија Илоски, с.р.

Главен извршен директор
Хари Костов, с.р.
(42426)

___

## АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ на седница одржана на 19.7.2024 година, врз основа на член 11 став 1 алинеја 4 и член 15 став 5 и 6 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 129/2023 и 53/2024), донесе одлука за објавување на

## ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ „ПАВЕЛ ШАТЕВ“

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, објавува јавен оглас за избор на директор на Академијата.

Услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за избор на директор

Кандидатите за директор на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да има најмалку осум години работен стаж како судија во судовите или јавен обвинител во јавните обвинителства во Република Северна Македонија, судија во Уставниот суд на Република Северна Македонија или во меѓународен суд, при што годините работен стаж го опфаќаат вкупниот работен стаж остварен во наведените органи како судија и јавен обвинител;
- да поседува високи професионални и стручни квалитети и резултати во работењето;
- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИС Б2 ниво ЦЕФР (CEFR), или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ;

**Огласи**

- со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци, и

- со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.

Содржина на пријавата и потребни документи

Во пријавата кандидатите е потребно да назначат за кое место конкурираат.

Кандидатите кон пријавата да ги приложат следните документи:

- Кратка биографија,
- Потврда за работен стаж,
- Меѓународно признат сертификат за познавање на странски јазик,
- Уверение за неосудуваност и
- Уверение за неизречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Рок и начин на пријавување

Рокот за пријавување на јавниот оглас изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на негово објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Јавниот оглас, покрај во „Службен весник на Република Северна Македонија" се објавува и во дневните весници „Нова Македонија" и „Лајм" и на веб-страницата на Академијата.

Пријавата, како и потребните документи, заинтересираните кандидати ги поднесуваат до архивата на Академијата за судии и јавни обвинители, бул. „Јане Сандански" бр. 12, Скопје, ламела 2, во работни денови, од 8:30 до 16:30 часот.

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев"
Претседател на Управен одбор,
Судија
Беким Мехмеди

---

Врз основа на член 231 ставовите 11, 12, 13, 14, 15 и 16, член 231а, 231б, 231в, 231г, 231д, 231ѓ, 231е, 231ж од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15 и 154/15, 17/16 и 37/16), Закон за користење и располагање со стварите во државните органи, Согласност од Министерство за Здравство со бр. 09-3792 од 3.5.2023, Одлуката на Управен Одбор на ЈЗУ Здравствен дом Битола со бр. 02-93/5 од 10.4.2023 година, Комисијата за спроведување располагање со недвижни и движни ствари на ЈЗУ Здравствен дом Битола објавува

ОГЛАС
ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ПРОСТОР И ОПРЕМА ВО ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ БИТОЛА СО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

1.ЗАКУПОДАВЕЦ: ЈЗУ Здравствен дом Битола

2. ПРЕДМЕТ НА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП:

2.1 Предмет на издавање под закуп е простор во амбуланта во ЈЗУ Здравствен дом Битола

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| РБ | Предмет на издавање под | Почетна цена (денари) | Висина на депозит(денари) |
| 1 | Ординација по општа медицина Здравствен дом -Битола. адреса Филип Втори Македонски бр.9, ИЛ бр. 42723, КО Битола 4, КП бр.8355 со површина 34 м2 со заеднички ходник и санитарен јазол 5м2.(Приземје), вкупно 39 м2. Амбуланта бр.16 | 3900 | 46.800 |

2.2. Просторот предмет за издавање под закуп- јавното наддавање може да се види секој работен ден од 9:00 до 14:00 часот, со претходна најава и присуство на претставник од Конисијата за спроведување на постапката.

2.3. Условите за давање под закуп: Просторот предмет на издавање под закуп назначен во точка 1 се издава под следните услови:

-Намената на просторот е за вршење на соодветна здравствена дејност;

За дејноста општа медицина на ниво на примарна здравствена заштита.

-закупецот неможе да ја промени дејноста за која се издава закупот, неможе да го издава просторот во подзакуп и неможе да се припојува со други сосновачи;

-трошоците за инвестиции паѓаат на товар на закупецот и кон истите може да се пристапи по претходно писмено одобрение од Здравствен дом;

-Закупецот се обрзува да учествува во надоместувањето на трошоците за потрошената електрична и топлинска енергија, вода и ѓубретарина во согласност со процентуалното учество во вкупната потрошувачка на објектот.

-Закупецот има обврска да го превземи здравствениот работник со средено образование, вработен во ПЗУ која претходно финкционирала во просторот (член 318 став 3 и 4 од Законот за здравствена заштита.)

-Во случај на дефект на простор издаден под закуп, трошоците за отстранување на дефектот ќе ги сноси закупецот на просторот каде што е дефектот.

-Закупецот се обрзува плаќањето на закупнина да биде месечно по добивањето на фактурата од Здравствениот дом за тековниот месец најдоцна до 15 ти наредниот месец.

-Цената на закупнината е постигната цена на јавното наддавање зголемена со ДДВ во период од кога Закуподавачот е даночен обврзник.

-Во случај на згаснување на здравствената установа или неможност за подмирување на закупнината, обврските ги превзема основачот на ПЗУ.

3. ПРАВО НА УЧЕСТВО

3.1. Право на учество на јавното наддавање имаат:

-физички лица: Доктор по општа медицина кој ги исполнува условите пропишани со Законот за здравствена заштита, да имаат завршено високо образование.

(VII/ 1 степен /подниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, факултет за Општа медицина)

-правни лица –приватни здравствени установи регистрирани за вршење на здравствена дејност од соодветната област. Кандидатите документацијата да ја достават на адреса на ЈЗУ Здравствен дом Битола ул,,Филип Втори Македонски бр.9 Битола, најдоцна до 14.00 часот.

3.2. Депозит-Право на учество на јавното наддавање имаат само лицата кои ќе достават доказ- уплатница пет календарски дена пред јавното наддавање дека уплатиле депозит за учество во наддавањето во висина на износот наведен во колона 4 на табелата од точката 1 и 2, на трезорската на ФЗОМ и тоа : Бананка на примачот: НБРМ, Сметка: 100- 0000000660-05, сметка на корисник 6600200501 531 51, Приходна шифра и програма 725939 00, со цел на дознака депозит за учество на јавно наддавање за закуп на простор во амбуланта во ЈЗУ Здравствен дом Битола.

3.3. Уплатата извршена спротивно на точките 3.2 се смета за ненавремена и лицата кои не ја извршиле навремено уплатата и не доставиле пријава согласно со точка 3.1 немаат право на учесто во јавното наддавање.

3.4. Уплатениот перичен депозит од најповолниот наддавач се засметува во закупнина.